## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03-2275/2

Скопје 15.04.2014г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

**До:**
**г-н Илија Димовски, Овластен претставник на подносителот на листата, за кандидатот за претседател на Република Македонија, за претседателските избори 2014 Ѓорги Иванов**

**Предмет: Одговор**

Почитувани,

Во врска со Вашиот Приговор, доставен до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на ден 13-ти април 2014 година, поврзан со мониторингот на изборниот процес во 2014 година, за превземање активности во однос на одредени веб страни и веб портали, со цел спречување на грубо кршење на Изборниот законик, со наш архивски бр. 03-2275/1 од 13.04.2014 година, согласно Заклучокот бр. 02-2281/4 од 15.04.2014 година, донесен на 24-та седница одржана на 15.04.2014 година, Ве известуваме за следното:

**Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 76-в став 1 и 2 од Изборниот законик** (Пречистен текст) („Службен весник на Република Македонија" бр.32/2014), **е должна да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија** од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите, **и по утврдување на прекршувањето Агенцијата е должна** во рок од **три дена да покрене прекршочна постапка** пред надлежниот суд **против радиодифузерот** кој ги повредил одредбите од Изборниот законик.

Имајќи го предвид наведеното законско решение, **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не е надлежна односно нема законска обврска да го следи изборното медиумско претставување на веб страните и веб порталите во Република Македонија.**

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**